**Чекори за склучување на договор за пристап, користење, дистрибуција и издавање на податоците од Геодетско - катастарскиот информационен систем на Агенцијата за катастар на недвижности**

1. Пополнување на образец Барање за пристап до е Кат- шалтер

   Во првиот дел од барањето потребно е да се наведат податоци за физичкото лице определено од страна на Корисникот за пристап, користење и дистрибуција и издавање на податоците од ГКИС на АКН.
   Во вториот дел од барањето се наведуваат податоци за правното лице - корисник

2. Потпишаниот договор од страна на корисникот потребно е да биде архивски заверен (со деловоден број) и истиот да биде во 6 (шест) оригинални примероци

   2 а Составен дел на договорот се две изјави и тоа

   I. Изјава за користење на е-кат шалтер - истата се потпишува од страна на претставникот/застапникот на Корисникот (правното лице), истата потребно е да биде испечатена

   II. Изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци - истата треба да биде потполнета и потпишана од страна на физичкото лице кое ќе врши пристап, користење, дистрибуција и издавање на податоците од ГКИС, воедно потребно е истата да биде испечатена

Изјавите треба да бидат во оригинал во 6 примероци (истите се составен дел на договорот)

3. Во прилог на барањето покрај потпишаниот договор ( во 6 примероци и изјавите) потребно е да доставите копија од Извод од тековна состојба не постара од 6 месеци, истата потребано е да биде заверена со ваш печат.

Контакт лице во Агенција за катастар на недвижности

Ивона Стојмановска тел. 2 3204 830